**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1303-277/10**

**Скопје, 27.04.2007 година**

**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА**
**АЕРОДРОМСКИ УСЛУГИ “МАКЕДОНИЈА” ц.о.**
**СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие за аеродромски услуги “Македонија” ц.о.-Скопје (во понатамошниот текст ЈПАУ) за 2005 година, кои се прикажани на страните од 22 до 25.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државната ревизија.

3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Јавното претпријатие за аеродромски услуги “Македонија” - Скопје за 2001 година. За годината 2004 која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија не е вршена ревизија на финансиските извештаи.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:
   - Орхан Рамадани – директор без ограничувања,

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 21, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 20.11.2006 до 16.02.2007 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. Од страна на одговорното лице на субјектот за периодот за кој е вршена ревизијата добиени се забелешки заведени под број 1304-277/9 од 28.03.2007 година, кои не се дефинирани и не се упатени на точно дефинирани точки од Претходниот извештај за што ревизијата изврши нивно соодветно групирање и истите ги разгледа и не ги прифати. Ревизијата има за обврска да истакне дека од страна на директорот на секторот за финансиски работи на јавното претпријатие доставена е „Информација во однос на Извештајот на овластениот Државен ревизор и превземени активности од новиот менаџмент за решавање на негативностите во работењето“ заведени под број 1310-277/8 од 28.03.2007 година, истата е разгледана и констатирано дека преставувува само информација за превземени мерки и активности.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилна примена на акти**

11.1.1. ЈПАУ на ревизијата и презентираше Решение за распоредување на работно место и утврдување на плата на директорот број 02-1277/2 од 18.08.2003 година и Решение за распоредување на работно место и утврдување на плата на заменик директорот број 02-633/3 од 29.03.2004 година, при што на име месечна плата за периодот јануари-декември 2005 година на директорот и заменик директорот без соодветен писмен акт донесен од Владата на Република Македонија, извршена е исплата во нето износ од 996 илјади денари. На ревизијата не и беше презентиран соодветен акт донесен од надлежен орган за утврдување на плата на директорот и заменик директорот на Јавното претпријатие, што е спротивно на член 2 од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката. Непочитувањето на Одредбите од Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката предизвикува исплата на плата која не е утврдена од Владата на Република Македонија. Надлежните органи на претпријатието во текот на 2006 година постапиле согласно одредбите од Законот за јавни претпријатија

11.1.2. ЈПАУ нема донесено Правилникот за начинот и постапката за вршење на набавки од мала вредност, не ја почитува пропишаната форма и содржина на Годишниот План за јавни набавки за 2005 година во делот на динамика на реализација по месеци, не ги води меѓународните тендери согласно одредбите од член 30 од Законот за јавни набавки, не ги чува понудите со пропраните документи за финансиска, економска и техничка способност на сите понудувачи што учествуале

во секоја пооделна јавна набавка во текот на 2004 година и 2005 година. Записниците за јавното отварање на понудите што Комисијата за јавни набавки ги има водено на јавно отварање на понудите во најголем дел во постапките за јавни набавки спроведени во текот на 2004 година не содржат цена на понудите од сите понудувачи кои конкурирале на отворените повици, не подготвува тендерска документација (освен спецификација) за секоја одделна јавна набавка, немаат побарано претходна согласност за склучените Анекс договори на основните договори склучени врз основа на спроведена постапка за јавна набавка од Бирото за јавни набавки, што е спротивно на Законот за јавни набавки и Законот за архивска граѓа. Непочитувањето на законските прописи и непревземањето активности за изработка и донесување на наведените акти предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминаторкса положба на понудувачите, транспарентност и јавност во набавките. Претпријатието во периодот на вршење на ревизијата превзеде соодветни активности за отстранување на констатираните состојби.

11.1.3. На позицијата потрошена електрична енергија искажан е трошок во вкупна вредност од 5.751 илјада денари и истиот е од извршено префакурирање на трошоците за електрична енергија кон ЈПАУ од страна на Министерството за одбрана преку Генерал штаб на АРМ. За ваквиот вид на трошоци ЈПАУ нема пишан акт со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски, односно ќе биде утврден критериум за меѓусебниот начин на распределба на трошоците за електрична енергија што е спротивно на Законот за облигациони односи. Непостоењето на пишан акт и критериуми за распределбата на трошоците за електрична енергија предизвикува неможност да се верификува дали настанатите трошоците се реални и можност за ненаменско трошење на сраствата.

11.1.4. Склучен е Договор помеѓу Министерството за транспорт и врски – УЦВП и ЈПАУ Скопје заведен под број 03-225/1 од 03.02.2004 година за одржување на инфраструктурата на УЦВП на Аеродром Скопје и Аеродром Охрид. На ден 28.03.2006 година склучен е Анекс кон договорот за тековно одржување на инфраструктурните објекти на Аеродромите Скопје и Охрид со кој се врши дополнување на членот 2 од основниот договор, односно се врши зголемување на висината на трошоците за тековно одржување на инфраструктурните објекти на Аеродром Скопје и Аеродром Охрид во висина од 32.696 Евра за 2005 година. ЈПАУ не превземало активности за доследно почитување на одредбите од договорот и соодветно признавање на приходите, односно:

- не обезбеди соодветни докази за причините поради кои вредноста на фиксните трошоци утврдени во член 2 од договорот во износ од 427.339 Евра се разликува за износ од 4.045 Евра од вредноста утврдена со Методологијата за утврдување на фиксните трошоци која е прилог на договорот и истата изнесува 423.294 Евра,
- не е обезбедена посебна аналитичка евиденција во ЈПАУ за варијабилните трошоци кои се направени за одржување на инфраструктурата на УЦВП на Аеродромите Скопје и Охрид,

- не е пристапено кон склучување на Анекс кон основниот договор за утврдување на трошоците кои би настанале како последица на несреќи и елементарни непогоди,
- не е обезбедено редовно доставување на посебните обрасци за редовните и вонредните прегледи на состојбите како и евиденција на сите работи кои се предмет на наведениот договор до УЦВП.
- не е презентиран поединечен и збирен план за одржување на инфраструктурата на УЦВП во кој ќе бидат прикажани фиксните и планираните варијабилни трошоци,
- не е обезбедено навремено фактурирање на трошоците и нивното признавање како приход за пресметковниот период за кој се однесуваат, односно во финансиските извештаи за 2005 година прикажани се приходи во износ од 6.786 илјади денари кои се однесуваат за пресметковниот период за 2004 година, односно во 2006 година прикажани се приходи во износ од 1.453 илјади денари кои се однесуваат за пресметковниот период за 2005 година.

Непочитувањето на одредбите од договорот и МСС предизвикуваат можност за: несоодветно и необјективно утврдување на варијабилните трошоци, отсуство на планско извршување на активностите, ненавремено превземени контролни активности од страна на нарачувачот на услугите поради негово ненавремено известување, намалување на квалитетот во финансиските извештаи и веродостојноста и релевантноста на информации што ги даваат истите и прилагодување на финансискиот резултат на претпријатието. По укажување на ревизијата одговорните лица во претпријатието пристапија кон изготвување на извештај за вистинскиот износ на трошоци направени за инфраструктурата на УЦВП на Аеродромите Скопје и Охрид и фактурирање на варијабилните трошоци за цела 2006 година во износ од 20.650 илјади денари.

**Препораки и мерки:**

1. ЈПАУ да пристапи кон пропишување на соодветни постапки и процедури кои ќе овозможат изработка на потребните акти и нивно постојано ажурирање согласно Законот за јавните набавки.

2. ЈПАУ со Министерството за одбрана да изготви пишан акт со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски, односно ќе биде утврден критериум за начинот на распределба на потрошокот на електрична енергија и соодветна сметководствена политика за начинот на мерење на трансакциите.

3. Менаџментот на претпријатието да превземе активности за ревидирање на одредбите од договорот со УЦВП, нивно усогласување и потпишување со нарачателот на услугите и да пропишат соодветни постапки кои ќе овозможат доследно почитување на одредбите од договорот, реално и објективно утврдување на трошоците и признавање на приходите за пресметковниот период за кој се однесуваат.

11.2. **Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. Надлежните органи на ЈПАУ не превземале активности за пропишување, донесување и примена на сметководствени политики

при составувањето, презентирањето и обелоденувањето на финансиските извештаи на претпријатието започнувајќи со деловната 2005 година, што е спротивно на член 469 од Законот за трговските друштва, точка 20 од МСС-1 Презентирање на финансиски извештаи и точка 7 од Меѓународниот стандард за финансиско известување - 1 Првично усвојување на Меѓународните стандарди за финансиско известување. Непочитувањето на наведените законски акти и меѓународни стандарди предизвикуваат финансиските извештаи на претпријатието да не бидат изработени во согласност со барањата утврдени во наведените стандарди кое има свое влијание во насока на квалитетот на финансиските извештаи и релеватноста и веродостојноста на информациите кои ги обезбедуваат. Во текот на ревизијата ЈПАУ превзеде активности за пропишување на потребните сметководствени политики.

11.2.2. ЈПАУ нема воспоставено сметководствени политики за евиденција на материјални, нематеријални средства, залиха на материјали, ситен инвентар, автогуми и амбалажа. При набавка на материјални и нематеријални средства, материјали, резервни делови и ситен инвентар правниот субјект има различен начин на евидентирање односно еден исти производ при една набавка го евидентира како материјално средство додека при друга набавка го евидентира како материјал на залиха или како трошок. Ваквиот начин на евиденција е спротивен на МСС, Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот и Уредбата за начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на нематеријалните и материјалните средства и за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки. Непочитување на стандардите и прописите предизвикува нереално и необјективно прикажување на наведените позиции во Билансот на состојба и намалување на квалитетот на финансиските извештаи.

11.2.3. Со ревизија на материјалните средства во Билансот на состојба на ЈПАУ , ревизијата ги констатира следните неправилности:

- Пописната комисија не превземала активности за целосно усогласување на сметководствената со фактичката состојба на материјалните и нематеријалните средства, искажани во Извештајот за извршениот попис и состојбата на истите сметки во сметководствената евиденција, согласно член 473 од Законот за трговски друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Непревземањето на активности и непочитување на наведените законски и подзаконски акти за спроведување на пописот предизвикува неможност да се утврди и евидентира фактичката состојба на нематеријалните и материјалните средства и да се изврши нивно усогласување со сметководствената евиденција и за утврдените разлики да се изјасни органот на управување.

- ЈПАУ на 31.12.2005 година извршило физички попис на материјалните и нематеријалните средства при што не е извршено усогласување на фактичката со сметководствената евиденција и постои неусогласеност на синтетичката со аналитичката евиденција на истите. Ваквата неусогласеност постои многу години наназад, односно во 1999 година извршена

е кражба на компјутерот и софтверот во кој се наоѓала целокупната евиденција за состојбата на материјалните и нематеријалните средства, од кои причини ЈПАУ неможе да изврши усогласување на сметководствената со фактичката состојба. Ваквата неусогласеност е спротивна на Законот за трговски друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, поради што ревизијата изразува сомнеж во реалноста и објективноста на искажаните податоци во деловните книги и финансиските извештаи на ЈПАУ.

- ЈПАУ во трговските книги искажува материјални средства (земјиште и градежни објекти) чија вредност на 31.12.2005 година изнесува 1.111.756 илјади денари. За утврдување на фактичката состојба Главниот државен ревизор на Република Македонија со писмо се обрати до надлежниот Завод за геодетски работи за што се добиени:
    - Поседовен лист број 184 за имотот на Аеродром Охрид од кој се констатира дека ниту една недвижност не е спроведена во јавните книги, а целокупниот имот во поседовниот лист е назначен под култура “неплодно” и
    - Поседовен лист број 429 за Аеродром Скопје од кој се констатира дека не се превземени активности за промена на корисникот на имотот со тоа што истиот се води на правно лице кое не е резидент на Република Македонија и ниту една од недвижностите со кои располага и ги користи ЈПАУ не е спроведена во јавните книги, а целокупниот имот во поседовниот лист е назначен под култура “неплодно”.

  Не се превземени мерки и активности за задолжително запишување на правото на користење, управување и располагање со недвижности во јавната книга и мерки и активности за пријавување во општинската геодетска управа за промените на правата на недвижностите, промена на катастарската култура на земјиштето, изградба, надградба или отстранување на градежен и друг објект на Аеродром Скопје и Аеродром Охрид, што е спротивно на член 10, 50 и 85 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите и член 148 од Законот за сопственост и други стварни права. Во трговските книги не постои евиденција за вредноста на земјиштето со кое располага и го користи Аеродром Скопје, спротивно на Законот за трговски друштва. Непочитувањето на законската регулатива придонесува неможност од утврдување на набавната вредност на земјиштето и градежните објекти со кои располага и стопанисува ЈПАУ, и нереално и необјективно прикажување на наведените позиции во Билансот на состојба на ппретпријатието на 31.12.2005 година.

- На позицијата материјални средства во подготовка евидентиран е износ од 10.375 илјади денари и истиот се однесува за транспортни трошоци и трошоци за осигурување за набавена аеродромска опрема, трошоци за авиобилети и хотелски услуги за монтери и сервисери на станица за разладување и трошоци за застапничка провизија направени во текот на 2000 година. За направените трошоци, претпријатието не презентираше

соодветни докази со кои ревизијата ќе обезбеди разумно уверување за причината зошто наведените трошоци сеуште се евидентирани на материјални средства во подготовка и покрај тоа што опремата е пристигната и станицата за разладување на течност е активирана. Непостоење на уредна и веродостојна документација е спротивно на член 472 од Законот за трговски друштва, а ваквата состојба предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и нереално и необјективно прикажување на наведената позиција. во финансиските извештаи.

- На позицијата останати материјални средства евидентирана е почетна состојба во износ од 1.574 илјади денари и истиот се однесува за набавени уметнички слики во претходни години. Со ревизија на извршениот попис на останати материјални средства ревизијата констатира дека не е извршен целосен попис на уметничките слики, односно за дел од истите не е извршен физички попис и не постојат податоци во пописните листи. Поради ваквата состојба ревизијата изразува сомнеж дали наведените уметнички слики се уште се во сопственост на ЈПАУ или се отуѓени. Пописната комисија не превземала активности за целосно усогласување на сметководствената со фактичката состојба на уметничките слики со состојба на 31.12.2005 година, што е спротивно на Законот за трговски друштва и Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба.

- ЈПАУ за дел од материјалните средства има неправилно утврдена основица за пресметка на амортизација како резултат на неизвршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба и неуредна и неверодостојна документација, што е спротивно на член 472 од Законот за трговски друштва. Неправилно утврдената основица за пресметка на амортизација предизвикува нереално и необјективно прикажување на вредноста на материјалните средства прикажана во финансиските извештаи на претпријатието на 31.12.2005 година.

11.2.4. Под 31.12.2005 година, ЈПАУ извршил попис на залихата на трговски стоки во угостителство, меѓутоа во сметководствената евиденција залихата на стоки за угостителство ја свел само на пописот на магацинот за пијалоци, а не и на залихата на храна иако во сметководствената евиденција овие залихи се евидентирани на една сметка. Не е извршено усогласување на материјалната евиденција со магацинската евиденција, како и материјалната евиденција со синтетичката евиденција. Броевите на издатниците за издадена стока од магацин во продавница изготвени компјутерски врз основа на кои се раздолжува магацинот не одговараат на броевите на рачно изработените испратници кои се изготвуваат во моментот на издавање на стока од магацин во продавница.

Набавките на стока за кои фактурите се добиени со задоцнување, односно се добиени во наредната година не се задолжува магацинот туку се евидентира како трошок од минати години со што не постои точна евиденција на набавките и не се задолжени одговорните лица со

истите, што е спротивно на член 472 и 473 од Законот за трговски друштва и МСС.

Ваквиот начин на евиденција на трговските стоки на залиха придонесува да се нема увид во состојбата на залихите под 31.12.2005 година, да не се знае со која количина и вредност на залихи треба да биде задолжено одговорното лице, како и неможност да се утврди точната состојба на залихите под 31.12.2005 година и можност за ненаменско и незаконско користење на средствата.

11.2.5. Со ревизија на позицијата стоки во продавница - угостителство е констатирано следното:

- при пренос на стока од магацин во продавница не се задолжува продавницата по продажни цени туку истата во продавница се евидентира по набавна вредност.
- Задолжувањето на продавницата за износот на разликата во цени и данокот на додадена вредност е врз основа на Потрошната листа во угостителство која се изготвува на крајот на месецот само за продадените производи, а не врз основа на калкулација која ке се изготви при преносот на стока од магацин во продавница.
- не се води аналитичка евиденција по продавници;
- направен е попис под 31.12.2005 годино, меѓутоа не е извршено споредување на книговодствената со фактичката состојба и состојбата во сметководствената евиденција не е сведена на фактичката состојба;
- не е извршено споредување на потрошените артикли по потрошната листа со предадените парични средства како дневен пазар во благајната, поради што неможе да се утврди дали за сите продадени стоки е уплатен дневен пазар.

Ваквиот начин на задолжувањето и раздолжувањето на продавниците за угостителски стоки е спротивно на член 472 и 473 од Законот за трговски друштва и МСС што придонесува немање увид со која вредност треба да се задолжат продавниците, колку дневен пазар треба да се уплати, која треба да биде состојбата на истите на известувачкиот датум 31.12.2005 година и можност од незаконско и ненаменско користење на средствата.

11.2.6. ЈПАУ нема воспоставено сметководствени политики за евидентирање на обврската кон доверителите (вработени) по основ на правосилност и извршност на правосилни судски одлуки за разлики поради помалку исплатени плати и придонеси за пензиско и инвалидско осигурување. Евидентирањето на сметководствените настани во трговските книги го врши спротивно на Законот за трговски друштва, односно не е искажан трошокот во моментот на добивање на правосилни судски одлуки. Со ваквиот начин на сметководствена евиденција е напуштен системот на пресметковна основа при што ефектите на трансакциите и другите настани не се признаваат тогаш кога се настанати и не се евидентирани во сметководствената евиденција за периодите на кој се однесуваат туку се евидентирани во периодот кога е извршена исплата на ратата, што е спротивно на МСС. Непочиувањето на законската регулатива и МСС предизвикува неможност за утврдување на реалната обврска кон вработените и намалување на квалитетот на финансиските извештаи.

11.2.7. Управниот одбор на ЈПАУ во текот на 2005 година има донесено повеќе Одлуки за исплата на регрес за годишен одмор за период кој се

однесува за 2003 и 2004 година без притоа да има во предвид дека за наведениот надоместок не е извршено резервирање на парични средства, што е спротивно на Законот за исплата на платите во Република Македонија, Општиот колективен договор на ниво на гранка и МСС. Непочитување на законската регулатива и МСС предизвикува исплата на средства во вкупен износ од 8.417 иљади денари.

11.2.8. ЈПАУ нема воспоставено сметководствени политики за евидентирање на трошокот за кетерин кујната во вкупен износ од 3.391 иљада денари. Имено при издавање на артикли за изработка на готов производ за снабдувањето на воздухопловите со храна и пијалоци, потрошокот не е евидентиран врз основа на норматив за изработка на готови производи, нема евиденција за количината и видот на изготвени готови производ, непостои евиденција дали од целокупните потрошени артикли се изготвени готови производи и дали истите се продадени на авиокомапниите. Ваквиот начин на евидентирање на трошокот за кетерин кујната е спротивен на Законот за трговски друштва и МСС. Непочитувањето на законската регулатива и МСС оневозможува компарирање и поврзување на направениот трошокот со остварената реализацијата, со што ревизијата изразува сомнеж за потврдување на искажаниот трошокот за кетеринг кујната во вкупен износ од 3.391 иљада денари и можност за ненаменско и незаконско користење на средствата.

11.2.9. Во сметководствената евиденција искажан е трошок во вкупен износ од 7.553 иљади денари на име потрошени резервни делови за компјутерска опрема во износ од 486 иљади денари и потрошено масло за греење во износ од 7.067 иљади денари. ЈПАУ, нема пропишано и воспоставено соодветни политики и начела за материјалната евиденција на резервни делови за комјутери и масло за греење, односно истите се евидентирани директно на трошок, што е спротивно на член 472 од Законот за трговските друштва, МСС и Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план. Непочитувањето на законската регулатива и МСС непропишувањето на соодветни политики и начела придонесува неправилна и нерационална употреба на резервни делови за компјутерска опрема и масло за горење.

11.2.10. Склучени се два Договори за стекнување право за снабдување со гориво и мазиво на воздухоплови на Аеродром Скопје и Аеродром Охрид заведени под број 1362/1 и 1361/1 од 29.08.2000 склучени помеѓу ЈПАУ“Македонија” и Макпетрол АД Скопје. ЈПАУ со наведените договори му дава право на Макпетрол АД Скопје да врши снабдување со гориво и мазиво на сите домашни и странски воздухоплови согласно пропишаните процедури од ЈПАУ за овој вид на работа, а Макпетрол АД се обврзува да му плаќа на ЈПАУ надомест за секој продаден литар соодветно гориво во висина од 5% од рафинериската цена на горивото. ЈПАУ во текот на 2005 година нема извршено контрола на продадената количина гориво за снабдување на воздухопловите на аеродромите во Скопје и Охрид, што е спротивно на член 7 од наведените договори. Неспроведувањето на контролни постапки предизвикува можност за нереално и необјективно прикажување на висината на остварените приходи по овој основ кои на известувачкиот датум 31.12.2005 година изнесуваат 20.144 иљади денари.

11.2.11. Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните позиции. Од вкупно испратените 31 конфирмации до исто толку комитенти добиени се 17 одговори, што претставува 54,84% од вкупно испратените, од кои 12 се потврдени односно 70.59% од пристигнатите, а 5 не се потврдени односно 29,41%, додека 14 воопшто не одговорија што претставува 45,16% од испратените конфирмации. Од претходното може да се констатира мал одзив на Вашите комитенти кое оневозможува целосно да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

**Препораки и мерки:**

1. Да се превземат активности за усвојување и имплементирање на сметководствените политики за изработување на финансиските извештаи согласно барањата утврдени во МСС и МСФИ.

2. ЈПАУ да превземе мерки и активности и да воспостави сметководствени политики за евидентирање на материјалните и нематеријалните средства, залихи на материјали, ситен инвентар, автогуми и амбалажа согласно МСС и законските и подзаконските прописи.

3. Надлежните органи да превземат активности за запишување на правото на користење, управување, располагање со недвижностите, пријавување на промените на недвижниот имот и промена на катастарската култура во јавните книги кај надлежниот орган.

4. Надлежните органи да превземат активности за пропишување соодветни политики за извршување на целосен попис, утврдување на фактичката состојба и нејзино усогласување со сметководствената евиденција на нематеријалните и материјалните средства.

5. ЈПАУ да превземе мерки залихата на трговска стока за угостителство во магацин и продавница да го евидентира согласно пропишаната законска регулатива.

6. ЈПАУ да воспостави сметководствени политики за евидентирање на обврските во моментот на нивното настанување согласно пропишаната законска регулатива.

7. Надлежните органи донесувањето на соодветните акти за утврдување на одредени права на вработените да ги донесуваат во периодот за кој се однесуваат тие права и нивното резервирање да се извршува во истиот период.

8. ЈПАУ да превзме мерки и активности за воспоставување на сметководствени политики за евидентирање на трошокот за кетеринг кујната согласно пропишаната законска регулатива и МСС.

9. ЈПАУ да воспостави соодветни сметководствени политики и начела за евидентирањето, издавањето и признавањето на резервните делови за компјутерска опрема и за маслото за греење согласно законските и подзаконските акти. .

10. ЈПАУ да превземе мерки за спроведување на контролни постапки со што ќе се овозможи утврдување на реалната продажба на горивото при снабдувањето

на домашните и странските воздухоплови од страна на Макпетрол АД Скопје согласно склучените договори.

11. ЈПАУ да превземе активности за конфирмирање на побарувањата и обврските кое ќе преставуваат основа за усогласување на побарувањата и обврските и нивно реално и објективно прикажување во финансиките извештаи.

### 11.3. **Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба**

11.3.1. На позицијата учество во вложувања во Билансот на состојба со состојба на 31.12.2005 година искажана е вредност од 42.292 илјади денари. Со увид во Известието од централниот депозитар на хартии од вредност се констатира дека вредноста на акциите кои ЈПАУ ги поседува во деловните банки под 31.12.2005 година изнесува 2.548 илјади денари односно се појавува разлика од 39.744 илјади денари. Разликата од 39.744 илјади денари произлегува од помалку евидентирани акции во сметководствената евиденција за износ од 62 илјади денари вложени во Инвест банка и евидентирано во сметководствената евиденција учество во вложувања во капиталот на друго друштво за износ од 39.806 илјади денари.

Имено со Решение на Основниот Суд Скопје 1 број ИСт. Бр. 193/96 од 29.09.1998 година за главна делба на стечајната маса на стечајниот должник Банка за надворешна трговија АД Скопје (поранешна Југобанка) за ЈПАУ е утврдено побарување во износ од 39.806 илјади денари и на останати доверители утврдено побарување во износ од 14.577 илјади денари или вкупно 54.383 илјади денари. За сите доверители од кој учеството на ЈПАУ е 73,20%, а сите останати 26,80% доделен им е недвижен имот и обични акции и тоа деловен простор од 238,08 м2 во Битола, деловен простор од 179.57 м2 во Штип, обични акции кои ги поседува стечајниот должник во Преспатекс АД ТН Отешево во номинален износ од 4.908.720 ДЕМ со дисконт од 80% или реален износ од 981.744 ДЕМ и обични акции кои ги поседува стечајниот должник во Преспатекс АД Конфекција Ресен во номинален износ од 1.168.800 ДЕМ со дисконт од 80% или во реален износ од 233.760 ДЕМ.

Со ревизијата е констатирано дека правниот субјект не постапил по Решението за главна делба и збирно ги евидентирал побарувањата според нивната сметководствена вредност, а не според вредноста на имотот добиен во стечајната маса. Во свое владение ги има добиените деловните простории.

На ревизијата не и се презентирани соодветни докази од кои ќе се потврди дека при отворање на стечај на горенаведените субјекти во кои ЈПАУ има акции со дисконт од 80% во реален износ од 1.216 илјади ДЕМ ги превземал потребните активности за заштита на интерисите на претпријатието. Ваквата состојба укажува дека ЈПАУ покрај тоа што имало сознание за неусогласеност на книговодствената со фактичката состојба, не превземало соодветни мерки и активности за нивно реално искажување, непревземање на активности за заштита на интересите на претпријатието односно губење на дел од вложувањата во акции во номинална вредност од 6.077 илјади ДЕМ или со дисконт во реален износ од 1.216 илјади ДЕМ и нивно реално и објективно презентирање во финансиските извештаи. Непревземањето на соодветните мерки и активности предизвикува неможност за осознавање на причините за ваквата состојба, намалена вредност на вложувањата и нереално и необјективно прикажување на наведената позиција.

11.3.2. На позицијата дадени кредити, депозити и кауции е искажано долговно салдо во износ од 5.191 илјади денари. Со увид во сметководствената евиденција е констатирано дека на истата сметка се евидентирани дадените станбени кредити на вработените пред 1995 година и од 2003 година на истата не е евиденирана сметководствена промена иако задолжените лица го враќале кредитот. За вратениот износ не се раздолжувале вработените туку уплатата се евидентирала како приход на ЈПАУ. Во текот на 2006 година извршена е корекција во сметководствената евиденција и за сите дотогашни уплати се раздолжени лицата што го вратиле кредитот.

По извршените прекнижувања во текот на 2006 година на 31.12.2006 година според синтетичката евиденција останува за плаќање износ од 4.091 илјади денари, а според вон книговодствената евиденција останува за плаќање износ од 3.895 илјади денари или се појавува разлика од 195 илјади денари. Освен тоа во меѓувреме одредени лица го напуштиле претпријатието, а од нивните кредити останал невратен износ од 613 илјади денари.

Непревземањето мерки за правилно евидентирање на кредитите е спротивно на член 472 од Законот за трговски друштва и придонесува нереално искажуваање на билансните позиции поради што се добиваат погрешни податоци за враќање на кредитите. Непревземањето активности за враќање на кредитот од лицата кои го науштиле претпријатието предизвикува нанесување штета на претпријатието и незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Препораки и мерки:**

1. ЈПАУ да превземе мерки и активности за евидентирање на имотот добиен во стечајна маса според реалниот износ, а не збирно евидентирање на една билансна позиција на целокупниот имот спрема книговодствената состојба и редовно следење, признавање и искажување на вложувањата во трговските книги.

2. ЈПАУ да превземе мерки за правилно евидентирање на вратениот кредит од вработените и превземање на мерки за враќање на кредитот од лицата кои го напуштиле претпријатието.

## 11.4. **Ненаменско и незаконско користење на средствата**

11.4.1. ЈПАУ пристапило кон спроведување на повеќе постапки за јавни набавки во вкупен износ од 148.895 илјади денари од кои за:

- o набавките во износ од 106.293 илјади денари при спроведување на постаката не е овозможено доследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки,
- o за набавките во износ од 42.602 илјади денари не е спроведена постапка за јавна набавка и

Непочитувањето на Законот за јавни набавки и не спроведувањето на соодветните постапки за набавка предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

11.4.2. На позицијата материјални средства во подготовка на 31.12.2005 година искажан е износ од 173.761 илјада денари и истиот се однесува за инвестирани средства за изградба на Техничко административен објект на ЈПАУ, Полиција и Царина на Република Македонија. За изградба на наведениот објект склучен е Договор број 03-1351/1 од 24.08.2000 година, помеѓу ЈПАУ и ДГ “Бетон“ АД Скопје. Вкупна вредност на Договорот изнесува 106.623 илјади денари и рок на изведување на работите од 99 календарски денови од денот на воведување во работа на објектот. На 26.10.2000 година склучен е Анекс број 1 заведен под број 03-143/1 од 26.10.2000 година кон основниот договор кој се однесува за греење и вентилација за објектот со вредност од 11.482 илјади денари и Анекс број 2 заведен под број 02.130/4 од 26.01.2001 година за зголемување на вредноста на 13.774 илјади денари за градежно занаетчиски работи и водовод и канализација, односно вкупната договорена вредност на работите изнесува 131.878 илјади денари**.** До денот на ревизијата изградбата на објектот не е завршена иако истата е започната во 2000 година, наведениот објект не е изграден и не е предаден во употреба, истиот не е конзервиран и е изложен на временски влијанија. ЈПАУ , нема превземено никакви мерки и активности за раскинување на Договорот со ГП “Бетон“ и покрај тоа што не е испочитувана динамиката за градба од страна на изведувачот, што е спротивно на член 10 и член 21 од наведениот договор. Непочитувањето на одредбите од Договорот, непревземање на мерки и активности за заштита на интересите на претпријатието, предизвикува неекономичност, неефективност и неефикасност на инвестиционото вложување.

11.4.3. Дадени се аванси за набавка на материјални средства во минати година од странски добавувачи чија состојба на 31.12.2005 година изнесува 2.183 илјади денари за кои на ревизијата не и беше презентирана уредна и веродостојна документација односно фактури од добавувачите и ЕЦД. Од овие причини неможе да се констатира за каков вид на опрема се работи, дали наведената опрема е пристигната, колкава е нејзината набавна вредност и дали за истата се платени давачките спрема државата, што е спротивно на Законот за трговски друштва, и Законот за царина. Поради непостоење на уредна и веродостојна документација ревизијата изразува сомнеж во наменското и законското користење на средствата на претпријатието.

11.4.4. Склучен е Договор за регулирање на обврските број 03-880 од 16.03.1999 година помеѓу ЈПАУ и МАТ за регулирање на финансиските обврски на МАТ за пружените аеродромски услуги (хендлинг и патнички сервис) од страна на ЈПАУ. Вкупната состојба на побарувањата на ЈПАУ со состојба 31.12.1998 година утврдена со Запсник бр. 02-398/1 од 11.03.1999 година изнесувала 2.470.376 ДЕМ. Со склучениот договор ЈПАУ се согласува да го намали долгот за 30% врз основа на Одлука од Управен Одбор. Во моментот на склучување на договорот (1999 година) од страна на ЈПАУ е извршено намалување на долгот од 30% иако Одлуката од Управниот одбор за намалување на долгот заведена под број 02-1234/6 е донесена на 04.08.2000 година, односно со задоцнување од приближно 17 месеци. Со одредбите од договорот предвидено е МАТ да го плаќа заостанатиот долг на 36 рати со месечна динамика започнувајќи со првиот ануитет од 01.04.1999 година. Како обезбедување на долгот МАТ се обврзал до 01.04.1999 година да достави 36 акцептни налози кои не се доставени до ЈПАУ. МАТ при плаќањето не се придржувал кон договорот и од тие

причини на 24.12.2002 година изготвен е Записник за усогласување на сметководствената состојба помеѓу ЈПАУ и МАТ бр. 03-1393/1 со кој е констатирано дека до овој датум обврските на МАТ изнесувале вкупно 72.930 илјади денари или 1.194.363 ЕУР. На 19.02.2003 година од страна на Управниот одбор донесена е Одлука за репрограмирање на долгот на авиокомпанијата и врз основа на истата склучен е нов Договор за регулирање на обврските бр. 03-734/1 од 29.04.2003 годона со кој двете страни се согласни вкупниот долг да се плати на 23 еднакви месечни рати во противвредност од 50.000 ЕУР, а последната 24-та рата на износ од 44.363 ЕУР, започнувајќи од месец јануари 2003 година и заклучно со декември 2004 година. МАТ се обврзува да достави револвинг банкарска гаранција/која не е доставена на износ од месечната рата со важност до крајниот рок за отплата на долгот. МАТ и понатаму не се придржувал на одредбите од новиот договор бидејќи не го платил долгот во предвидениот период и по договорените услови. Надлежните органи во ЈПАУ иако имале сознание за ваквата состојба не ги превземале навремено потребните мерки, вклучувајки и престанок на давање на услуги на оваа авиокомпанија (содржано во точка 3 од Одлуката за репрограмирање на долгот на авиокомпанијата „Македонски авиотранспорт" број 02-244/6 од 19.02.2003 година донесена од Управниот одбор), не е обезбедена согласност од основачот за донесената Одлуката на Управниот одбор со што на ЈПАУ му е оневозможено да располага со средствата кој со состојба на 31.12.2006 година изнесуваат 118.102 илјади денари а корисникот на услуги да се здобие со екстра профит во износ од 741.112,8 ДЕМ (30% дисконт на побарувањата). Во текот на месец април, јуни и ноември 2006 година поднесени се тужбени барања против корисникот на услугите/МАТ за наплата на побарувањата.

11.4.5. Во текот на 2003 година извршен е отпис на побарувања од вработени во вкупен износ од 2.345 илјади денари за невратени аванси кои потекнуваат од пред 2001 година. Од вкупното отпишаните побарувања износот од 2.164 илјади денари се однесува на невратени аванси од четворица вработени кои во изминатиот период биле на раководни функции во ЈПАУ. За извршениот отпис не се превземени претрходни мерки за нивно враќање и не е поведена судска постапка за измирување на долгот од страна на вработените спрема ЈПАУ. Непревземањето на мерки за навремено враќање на дадените аванси придонело од ЈПАУ да се одлеат парични средства кај приватни лица, и да се нанесе штета на претпријатието во износ од 2.345 илјади денари.

11.4.6. На 18.09.2003 година од страна на Основниот суд Скопје 1 донесена е правосилна пресуда ПСС бр.1529/02 со која се задолжува ЈПАУ на тужителот Паком компани ДОО – Скопје на име долг да му плати износ од 4.793 илјади денари и камата согласно Законот за височината на стапката на затезна камата. По правосилната пресуда од Основниот Суд Скопје 1 донесено е Решение за извршување СИ. бр. 4556/03 од 03.11.2003 година. На ден 10.12.2003 година од страна на ЈПАУ платен е дел од тужениот износ од 1.538 илјади денари и на Решението за извршување СИ. Бр.4556/03 поднесена е Жалба до Основниот Суд Скопје 1 со која се бара да се прецизира Предлогот за извршување, извршувањето да се запре и да се укинат сите дејствија.

На 22.12.2003 година помеѓу Паком компани и ЈПАУ е склучена Вонсудска спогодба за регулирање на должничко доверителските односи. Според истата се задолжува ЈПАУ на доверителот да му

исплати и тоа: 4.793 илјади денари на име на главен долг, 2.891 илјада денари на име камата на главен долг,159 илјади денари 4 илјади денари камата на судски трошоци и 63 илјади денари судски трошоци или вкупно 7.910 илјади денари.

Со ревизијата е констатирано дека од вкупните тужени побарувања 9 фактури во вкупен износ од 2.615 илјади денари се евидентирани во 2001 година, останатите 16 фактури во вкупен износ од 963 илјади се евидентирани по записник за усогласување. За побарувањата по цесијата во износ од 1.215 илјади денари е констатирано дека ЈПАУ нема обврска кон Паком компани за истата, нема основ за побарувања на парични средства, истата е склучена спротивно на одредбите од член 424 од Законот за облигациони односи, а во 2005 година откако е платено по Вонсудска спогодба без основно е евидентирана обврска со искажување на трошоци за истата. Потпишувањето на Договорот за цесија од страна на ЈПАУ на која нема дата кога е склучена, должникот-цезус ЈПАУ нема обврски кон цедентот-преостапувачот ТД Карапанчевски и прифаќање на истата како обврска за плаќање во Вонсудска спогодба на ЈПАУ и Паком компани. Ваквата состојба предизвикува без постоење на должничко-доверителен однос да се платат парични средства на Паком компани на име главен долг во износ од 1.215 илјади денари и камата за ненавремено плаќање во износ од 556 илјади денари со што е нанесена штета на претпријатието.

11.4.7. ЈПАУ не превземало активности за пропишување на соодветен акт со УЦВП со кој ќе се овласти ЈПАУ во име и за сметка на УЦВП да наплаќа парични средства за лендинг и АТЦ услуги и начинот на префрлање на остварените денарски средства од надоместокот на овие услуги на сметката на сопствени приходи на Дирекцијата на цивилна воздушна пловидба, а девизните средства остварени од овие надоместоци на посебна девизна сметка отворена кај Народната банка на Република Македонија на име Министерство за сообраќај и врски - Дирекција за цивилна воздушна пловидба. На позицијата останати краткорочни обврски од поврзани субјекти под 31.12.2005 година е искажано салдо во износ од 59.636 илјади денари. Со увид во сметководствената евиденција е констатирано дека дел од ова салдо во износ од 59.302 илјади денари се однесува за евидентирани услуги за лендинг и АТЦ на домашни и странски авиокомпании дел фактурирани и дел наплатени во готово во денари и девизи.

Во периодот од 1997 година до 31.12.2005 година ЈПАУ на корисниците на лендинг и АТЦ услуги фактурирал износ од 24.084 илјади денари, а за дел од услугите наплатувал во готово со тоа што на известувачкиот датум по овој основ (наплатени во готово) искажува обврска во износ од 35.218 илјади денари, односно вкупна обврска кон УЦВП во износ од 59.302 илјади денари

Имено во текот на 2000, 2001 и 2002 година во денарската и девизната каса на ЈПАУ наплатениот износ од авиокомпаниите на име услуги лендинг и АТЦ и тоа 8.391 илјади денари, 182.678 УСА долари во денарска противвредност од 9.422 илјади денари и 284.503 Еур во денарска противвредност од 17.405 илјади денари кои не се предадени на УЦВП.

За фактурираниот износ за лендинг услугите и АТЦ на домашните и странски авиокомпании до денот на ревизијата ЈПАУ не направил анализа колку од фактурирани услуги се наплатени, колку не се наплатени а наплатените паричните средства од фактурирани услуги за лендлинг и АТЦ да ги уплати на сметката на УЦВП.

Ваквиот начин на евидентирање и наплата на услугите за лендинг и АТЦ од страна на ЈПАУ не е во согласност со Одлуката број 23-1604/ 1 од 13.05.1996 година и измена на истата број 23-981/1 од 13.04.1998 година и број 23-2044/1 од 27.07.1998 година за определување на висината на надоместокот за лендинг и АТЦ и покрај тоа што во Одлуката е наведено дека остварените денарски средства од надоместокот на овие услуги се уплатуваат на сметката на сопствени приходи на Дирекцијата на цивилна воздушна пловидба, а девизните средства остварени од овие надоместоци ќе се уплатруваат на посебна девизна сметка отворена кај Народната банка на Република Македонија на име Министерство за сообраќај и врски - Дирекција за цивилна воздушна пловидба.

Ваквиот начин на наплата на парични средства од лендинг и АТЦ услуги од страна на ЈПАУ спротивно на цитираната одлука и не уплатување на дел од истите на сметката на УЦВП придонесува ЈПАУ да располага со парични средства кои не се негова сопственост, да не ги уплати на УЦВП и истите да ги користи за свои тековни потреби што овозможува незаконско трошење на парични средства.

11.4.8. ЈПАУ на позицијата дадени кредити, депозити и кауции на 31.12.2005 година има искажано износ од 2.504 илјади денари и истиот се однесува за дадена позајмица врз основа на Договор за заем бр. 03/114/1 од 24.10.2000 година склучен помеѓу ЈПАУ и Винојуг Гевгелија АД Гевгелија за откуп на грозје од индивидуалните производители на износ од 3.000 илјади денари со 8% годишна камата и рок на враќање до 28.11.2000 година. За наведената позајмица ЈПАУ во сметководствената евиденција нема евидентирано пресметана камата во вкупен износ од 509 илјади денари, што е спротивно на член 472 од Законот за трговски друштва. На ревизијата не и беше презентирана согласност од основачот и банкарска гаранција за наплата на долгот депонирана од Винојуг Гевгелија АД , што е спротивно на член 11 од Законот за јавни претпријатија и член 4 од Договорот за позајмица. На 18.03.2003 година Основен суд Гевгелија, во Сл. весник бр.58, објавува решение Ст. бр. 6/02 од 18.03.2003 година за отворена стечајна постапка над должникот Винојуг Гевгелија АД Гевгелија. ЈПАУ до денот на ревизијата нема сознание колкав дел од побарувањето е признат од страна на судот од стечајната маса. Непочитувањето на законската регулатива и непревземањето активности за навремена наплата на побарувањето и постапки за расчистување на наведената состојба ревизијата изразува сомнеж за законското и наменското одобрување на средства.

11.4.9. Извршено е ангажирање на физички лица за извршување на работни задачи во ЈПАУ за периодот јануари-декември 2005 година за што се искажани трошоци на име надомест на трошоците на вработените и персонален данок во вкупен износ од 1.409 илјади денари, што е спротивно на член 22 од Законот за работни односи и член 46 и член 39 од Законот за облигациони односи. Непочитувањето на законските прописи предизвикува ненаменско и незаконско користење на средствата во износ од 1.409 илјади денари.

11.4.10. На позицијата потрошена енергија на известувачкиот датум 31.12.2005 година искажани се трошоци за потрошено гориво во износ од 10.876 илјади денари. Со ревизијата на наведените трошоци е констатирано следното:

- не се воспоставени интерни контроли за потрошокот на горивото,

- o искажувањето на трошоците во сметководствената евиденција е без да се приложи соодветен веродостоен и уреден документ за поминати километри и релацијата на движење, што е спротивно на Законот за трговски друштва и

Невоспоставени интерни контроли и непостоење на уредна и веродостојна документација го оневозможува утврдувањето на наменското користење на средствата за потрошеното гориво и можност од злоупотреба на државни средства

**Препораки и мерки:**

1. ЈПАУ да обезбеди целосно почитување на одредбите од Законот за јавни набавки со кои ќе се овозможи фер конкуранција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите и економичност на набавките.

2. Основачот и менаџментот на претпријатието да превземат мерки и активноси за преиспитување на целокупната состојба во однос на Техничко административен објект на ЈПАУ, Полиција и Царина на Република Македонија и да се донесе одлука во насока на решавање на состојбата со цел да биде донесено решение кое ќе биде најефикасно, најекономично и најефективно за претпријатието како и да се превземат мерки против одговорните лица кои придонеле за настанување на наведената состојбата..

3. Менаџментот на претпријатието да превземе мерки и активноси за преиспитување на целокупната документација за набавената опрема од добавувачите од странство за која во претходните години се дадени аванси за материјални средства и контрола на документите за увоз на истата.

4. ЈПАУ да превземе мерки за навремено враќање на дадените аванси на вработените согласно пропишаната законска регулатива и превземање на законски мерки за лицата кои нема да го вратат авансот во пропишаниот рок.

5. Надлежните органи да превземат соодветни мерки и активности за утврдување на одговорноста на лицата кои дозволиле без соодветен акт од основачот да се одобри дисконт од 30% на побарувањата од МАТ и непрвземени мерки за навремена наплата на побарувањата.

6. ЈПАУ во иднина да не склучува договори за цесии без да постои должничко – доверителен однос.

7. ЈПАУ заедно со УЦВП да изнајдат начин и пропишат процедури за начинот на префрлање на паричните средства од извршени услуги за лендинг и АТЦ кои не се уплатени согласно Одлуката број 23-1604/ 1 од 13.05.1996 година и измена на истата број 23-981/1 од 13.04.1998 година и број 23-2044/1 од 27.07.1998 година за определување на висината на надоместокот за лендинг и АТЦ. Во наредниот период доследно да се почитува на цитираната Одлука за начинот на уплата на паричните средства од лендинг услугите и АТЦ од домашни и странски авиокомпании.

8. ЈПАУ да воспостави процедури кои во наредниот период ќе оневозможат претпријатието да се задолжува без согласност на основачот и да превземе мерки и активности за утврдување на висината на побарувањата од стечајната маса признаени од страна на судот од Винојуг Гевгелија АД и да ја преиспита можноста за нивна наплата.

9. ЈПАУ да превземе активности за пропишување на соодветни политики кои ќе овозможат доследно почитување на законските и подзаконските акти од областа на работните односи, да ја утврди потребата од дополнителна работна

сила за пополнување на слободни работни места и нивно ангажирање согласно Закон за Агенција за привремени вработувања.

10. ЈПАУ да обезбеди уредна и веродостојна документација за следење на потрошувачката на гориво согласно законските прописи, и да воспостави интерни контроли на потрошувачката на гориво со цел намалување на можност од евентуални злоупотреби.

11.5. **Неправилности во ИТ системот**

11.5.1. ЈПАУ нема воспоставено и пропишано безбедоносни политики за сеопфатна ИТ безбедност, што не е во согласност со меѓународните стандарди за безбедност и заштита на податоците. Непостоењето на процедури за архивирање на податоците (Back up) и немањето план за континуирано работење на информациониот систем (Disaster Recovery Plan „DRP“), предизвикало неусогласена аналитичка со синтетичка евиденција и нереално и необјективно прикажување на позициите во финансиските извештаи.

**Препораки и мерки:**

ЈПАУ да пристапи кон: изработка на општ документ за сеопфатна ИТ безбедносна политика, изработка на план на акција за спасување на своите клучни операции во вонредни околности, изготвување на процедури за архивирање на податоците (Back up).

11.6. **Ефекти од ревизијата**

Имајќи ги во предвид наодите изнесени во точките 11.1; 11.2; 11.3 и 11.4 предизвикуваат: недонесување на соодветни акти и сметководствени политики, непочитување на одредбите од Законот за трговски друштва и Правилникот за водење на сметководството, неправилности во искажување на билансните позиции, непочитувањето на Законот за јавни набавки и не спроведувањето на соодветните постапки за набавка, неекономичност, неефективност и неефикасност на инвестициони вложувања, дадени аванси без постоење на уредна и веродостојна документација, непревземени мерки за враќање на аванси дадени на вработените во претходни години, исплата на средства без постоење на должничко доверителен однос, неуплатување на средства од извршени услуги на сметка на УЦВП, давање позајмици без согласност од основачот, ангажирање на физицки лица спротивно на законските прописи и невоспоставени интерни контроли.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1., 11.2., 11.3. и 11.4. ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на ЈПАУ под 31 Декември 2005 година.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.1; 11.2. 11.3. и 11.4., кај ЈПАУ не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции за 2005 година.

14. Известување за превземените мерки за дадените препораки и мерки на ревизорскиот извештај на финансиските извештаи за 2001 година:

14.1. ЈПАУ превземало мерки само за утврдените наоди во точките: 9.4; 9.6; 9.7; 9.8; 9.14; 9.17; 9.18; 9.19. и делумно за точките 9.1; 9.5; 9.9; 9.10; 9.12; 9.21 од Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2001 година.

15. Не изразувајќи резерва во нашето мислење, обрнуваме внимание на подолу наведената состојба:

15.1. По барање на ЈПАУ, Министерството за финансии на Република Македонија доставува Известување бр.17-4386/4 од 26.05.2006 година со кое го известува претпријатието дека во финансискиот план на јавното претпријатие за тековната фискална година се обезбедени финансиски средства за вработување на 18 лица. Врз основа на наведеното известување директорот на претпријатието на ден 07.06.2006 година донесува повеќе одлуки за потреба од засновање на работен однос на неопределено време со тоа што на истиот ден јавното претпријатие распишува јавен оглас за пополнување на одредени работни места на неопределено време. Изборот и приемот на лицата е извршен во периодот од 26 – 29.06.2006 година што претставува период на изборна кампања за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија што е спротивно на одредбите од Законот за спречување на корупцијата. Ревизијата не обезбеди разумни уверувања дека наведената активност била неминовна и неопходна и истата да се изврши во погоре наведениот период.

15.2. Согласно одредбите на член 192 став 1 од Законот за воздухопловство уредено е дека подзаконските прописи кои се предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегување во сила на овој закон односно најкасно до 10.02.2007 година. Согледувајки ја состојбата дека:

- Предвидените подзаконски акти во најголем дел не се донесени со посебен осврт на националната стратегија за развој на воздухопловството, освен Уредбата за условите за вршење на безбеден и уреден јавен воздушен превоз;
- Владата на Република Македонија доставила до Собранието на Република Македонија предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за воздухопловство со предлог на закон, во кој е предвидено дека подзаконските акти предвидени со наведениот закон ќе се донесат во рок од две години од денот на влегување во сила на овој закон;
- Во рамките на Министерството за транспорт и врски постои проект „Техничка помош за транспорт и менаџмент (Техничка помош за авио сообраќај)", чија цел е „развој и имплементација на безбедно, економски оддржливо и ефикасно цивилно воздухопловство приближувајки ги македонските воздухопловни институции поблиску до ЕУ стандардите",

во насока на активностите кои ги превзема Министерството за транспорт и врски за донесување на подзаконските акти ревизијата укажува на потребата од интензивирање на превземените активности во насока на донесување на подзаконските акти во оптималниот рок а пред се на националната стратегија за развој на воздухопловството, која треба да преставува основен критериум и насока за превземање на потребните активности за развој на воздухопловството во Република Македонија.

15.3. Владата на Република Македонија на седницата одржана на ден 10.10.2006 донесува одлука за ангажирање консултански тим по пат на Ограничен Повик заради изработка на студија со модел за развој на Аеродромот Скопје и Аеродромот Охрид со која го задолжува Министерството за транспорт и врски да ја спроведе постапката за избор на консултански тим. Согладувајќи ја состојбата дека Владата на Република Македонија во претходниот период регулирајќи ја оваа област донесува повеќе одлуки и тоа : Одлука за ангажирање на консултански тим заради отпочнување на постапка за доделување на концесија на Аеродромот Скопје и Аеродромот Охрид

заведена под број 19 -1039/1 од 28.04.2005 , Одлука за ангажирање на консултански тим за изготвување на студија за развој на Аеродромот Охрид заведена под број 19 - 1039/2 од 28.04.2005 , Одлука за изменување и дополнување на одлуката за ангажирање на консултански тим заради отпочнување на постапка за доделување на концесија на Аеродром Скопје и Аеродром Охрид заведена под број 19 – 2544/1 од 07.07.2005 и Одлука за престанување на важење на одлуката за ангажирање на консултански тим заради отпочнување на постапката за доделување на концесија на Аеродромот Скопје и Аеродромот Охрид заведена под број 19 – 4906/1 од 10.10.2006 , и дека постојат повеќе Студии од оваа област а пред се Skopje Airport Modernization Project - 2004, Ohrid Airport Feasibility Study - 2005 изработени од Scott Wilson и Investment and Revenue Generation Plan - Skopje and Ohrid Airports -1996 изработена од U.S Trade and Development Agency(TDA), an export promotion agency of the United States Government, а одсуствува национална стратегија за развој на воздухопловството, во насока на активностите што ги презема надлежното министерство и Владата на Република Македонија ревизијата укажува на потребата од усогласување на наведените активности со донесувањето на Националната Стратегија за развој на Воздухопловство во Република Македонија и однесување на надлежните органи како добар стопанственик односно добар домаќин во насока на заштеда на средства и интересите на Република Македонија**.**

15.4. Врз основа на известување број 02-1144/1 од 06.02.2007 година издадено од Централниот Депозитар за хартии од вредност А.Д. Скопје ЈПАУ се известува дека:

- 437-те обични и една приоритетна акција кои ЈПАУ ги поседувало во Инвест банка АД Скопје се прфрлени на сметката за хартии од вредност на Министерството за финансии, заради спроведување на Одлуката на Министерството за финансии за јавна берзанска аукција број 14-4198/1 од 03.02.2006 година.
- 505–те обични акции кои ЈПАУ ги поседувало во Охридска банка АД Охрид се префрлени на сметката за хартии од вредност на Министерството за финансии, заради спроведување на Одлуката на Министерството за финансии за јавна берзанска аукција број 14-14040/1 од 25.04.2006 година.

ЈПАУ не е известено и не располага со веродостојна документација од која може да се констатира законитоста на постапката за извршената берзанска продажба на наведените акции, надлежните органи на претпријатието не одлучувале за истото, а отсуството на веродостојната документација го ограничува делокругот на ревизијата и поради тие причини ревизијата не доби разумно уверување дека наведената активност е сво согласност со член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и член 2-а од Законот за изменување и дополнување на Законот за приватизација на државниот капитал.

15.5. Врз основа на Одлука за определување на висината на надоместокот на лендинг и АТЦ услуги бр. 23-1604/1 од 13.05.1996 година (С. Весник бр. 25 од 23.05.1996 година), Одлука за дополнување на Одлуката за определување на висината на надоместокот на лендинг и АТЦ услуги бр. 23-981/1 од 13.04.1998 година ( Сл. весник бр. 19 од 24.04.1998 година) и Одлука за изменување на Одлуката за определување на висината на надоместокот за лендинг и АТЦ услуги бр. 23-2310/1 од 16.05.2000 година (Сл. весник бр.42 оd 26.05.2000 година) и Наредба за висината на надоместокот за аеродромски

услуги пружени на воздухопловите на НАТО-алијансата и наплата на истите каде приходите се распределуваат заеднички, односно приходот од хендлинг услугите и аеродромскиот сервис се приходи на ЈПАУ, а приходот од лендинг услугите и АТЦ се приход на УЦВП, од страна на ЈПАУ не е извршена уплата на средства во вкупен износ од 221.943,39 Еур на УЦВП. Од причина што пристигнатите средства во износ од 221.943,39 Еур се однесуваат на лендинг и АТЦ услуги ЈПАУ е должна согласно горе наведените Одлуки и Наредбата да ги префрли на УЦВП. За утврдениот износ од 221.943,39 Еур изготвен е финансиски записник помеѓу ЈПАУ и УЦВП склучен на ден 07.12.2004 година. Записникот е направен со цел усогласување на побарувањата на УЦВП по фактури за извршени услуги за лендинг и АТЦ услуги и светло од повеќе корисници. На 04.12.2006 година ЈПАУ со Барање за трансфер на девизни парични средства заведено под број 05-390/1 од 04.12.2006 година се упатило до Извозно кредитна банка АД Скопје да изврши трансфер на наведените парични средства. До денот на ревизијата паричните средства во износ од 221.943,39 Еур сеуште не се пренесени на сметката на УЦВП. Ревизијата укажува на потребата од изнаоѓање на начин за извршување на преносот на девизните парични средства на УЦВП со што би се овожможило остварување на одредбите од наведените одлуки и Наредбата за висината на надоместокот за аеродромски услуги пружени на воздухопловите на НАТО-алијансата.

15.6. Во текот на 2006 година менаџментот на претпријатието направил проценка на наплата на дел од побарувањата по основ на извршени услуги со состојба на 31.12.2006 година и тоа:

- Вкупни побарувања од Авиоимпекс во износ од 100.541 илјади денари по судски предмет број 233/04 на износ од 39.226 илјади денари и 1.034.971,59 ЕУР. За истите менаџментот во 2005 година отценил дека ќе има потешкотии за наплата и од тие причини донесена е одлука на Управниот одбор бр. 02-121/4 од 17.02.2006 година со која е извршено вредносно усогласување за износ од 25.000 илјади денари како политика за сукцесивен отпис во неколку години;
- Побарувања од МАТ на вкупен износ од 118.102 илјади од кои по судски предмет број 365/06 на износ од 26.468 илјади денари, по судски предмет број 8392/96 на износ од 428 илјади денари и по судски предмет бр. 854/06 на износ од 89.822 илјади денари или вкупно по судски предмети 116.718 илјади денари и
- Побарувања од стечајна маса на МХК Злетово во износ од 45.000 илјади денари. Побарувањето е пријавено во стечајна маса во Основен Суд Велес во втора постапка

Наведените спорови се започнати и сеуште се во тек, а конечноста на истите ќе има влијание во деловните книги и финансиските извештаи на ЈПАУ во наредниот период.

**Скопје, 27.04.2007 година** **Овластен државен ревизор**

**Јавно претпријатие за аеродромски услуги “Македонија” ц.о. - Скопје**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2005 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| ОПИС | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 773,862 | 741,239 |
| Останати деловни приходи | 77,704 | 20,904 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **851,566** | **762,143** |
| Материјални трошоци | 151,390 | 88,721 |
| Трошоци за бруто плати | 275,661 | 263,336 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 143,637 | 151,660 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 41,731 | 17,623 |
| Останати оперативни трошоци | 142,965 | 154,182 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **755,384** | **675,522** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 3,548 | 22,225 |
| Приходи од учества на вложувања | 887 | 25 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 5,461 | 24,848 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **95,156** | **84,023** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **95,156** | **84,023** |
| **Данок од добивка** | **21,081** | **15,578** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **74,075** | **68,445** |

**Јавно претпријатие за аеродромски услуги “Македонија” ц.о. - Скопје**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2005 | 2004 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 235,183 | 131,374 |
| Побарувања по основ на продажба | 292,592 | 303,450 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 3,727 | 6,157 |
| Други краткорочни побарувања | 5,413 | 2,173 |
| Платени трошоци за идните периоди | 35,056 | 83 |
| Залихи | 62,104 | 51,393 |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 0 | 2,619 |
| **Вкупно тековни средства** | **634,075** | **497,249** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 1,689,445 | 1,821,731 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 47,483 | 46,804 |
| **Вкупно нетековни средства** | **1,736,928** | **1,868,535** |
| **Вкупна актива** | **2,371,003** | **2,365,784** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 46,012 | 44,461 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 10,064 | 13,065 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 59,636 | 114,042 |
| Краткорочни обврски од финансирање | 116 | 50 |
| Останати краткорочни обврски | 21,179 | 19,952 |
| Одложени плаќања на трошоци | 1,333 | 1,116 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **138,340** | **192,686** |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни обврски | (2,752) | 11,758 |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 2,054,141 | 1,996,096 |
| Ревалоризациона резерва | 43,207 | 43,207 |
| Резерви | 63,992 | 53,592 |
| Нето добивка | 74,075 | 68,445 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **2,235,415** | **2,161,340** |
| **Вкупна пасива** | **2,371,003** | **2,365,784** |

**Јавно претпријатие за аеродромски услуги “Македонија” ц.о. - Скопје**

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2005 ГОДИНА**

| О П И С | Капитал | Резерви | Ревалоризациона резерва | Добивка од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2005 година** | **1,996,096** | **53,592** | **43,207** | **68,445** | **2,161,340** |
| Распределба на добивката за 2004 година во корист на капиталот и резервите | 58,045 | 10,400 | | (68,445) | - |
| Добивка за финансиска 2005 година | | | | 74,075 | **74,075** |
| **Состојба 31.12.2005 година** | **2,054,141** | **63,992** | **43,207** | **74,075** | **2,235,415** |

**Јавно претпријатие за аеродромски услуги “Македонија” ц.о. - Скопје**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2005 ГОДИНА**

| | во 000 Ден. 2005/2004 |
|---|---|
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **95,156** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 143,637 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 1,618 |
| Данок од добивка | (21,081) |
| **Готовински текови од работење** | **219,330** |
| Побарувања по основ на продажба | 10,858 |
| Краткорочни финансиски вложувања | 2,430 |
| Други краткорочни побарувања | (3,240) |
| Платени трошоци за идните периоди | (37,725) |
| Залихи | (10,711) |
| Аванси за нематеријални и материјални вложувања | 2,619 |
| Обврски спрема добавувачи | 1,551 |
| Примени аванси, депозити и кауции | (3,001) |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | (54,406) |
| Краткорочни обврски од финансирање | 66 |
| Останати краткорочни обврски | 1,227 |
| Одложени плаќања на трошоци | 217 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **129,215** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Долгорочни финансиски вложувања | (679) |
| Нематеријални и материјални вложувања | (12,969) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(13,648)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Обврски по долгорочни кредити | (11,758) |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(11,758)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **103,809** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **131,374** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **235,183** |